| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Домашни животни |
| **Содржина на денот** | Карневал на животните |
| **Возраст** | од 2-3 години |
| **Воспитувач** | Мр. Сања Алексоска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Започнете го денот со пеење на песничка за будење. Преку стиховите поведете го детето да започне со рутинските хигиенски активности. |
| **Активности** | Водете разговор со детето за домашни животни. Можете да изберете сликовница на истата тема или да играте со домашни животни. При тоа именувајте ги заедно со детето и опишувајте ги нивните карактеристики. Доколку имате звучна интерактивна сликовница за домашни животни, анализирајте кој како се јавува по звук.<br>Подгответе на цд-плеер класична музика. Со музиката во детскиот живот внесуваме радост, веселост, опуштеност и воодушевување. За да можете да го донесете богатството на класичната музика треба да се одбере квалитетни музички звуци. Преку изборот на квалитетна музика кај детето се развива потреба и навика за слушање на музика, а со тоа се развива слушното внимание и емотивните доживувања.<br>Денешниот избор нека биде „Карневал на животните“ од Camille Saint-Saëns https://www.youtube.com/watch?v=k2RPKMJmSp0<br>Додека ја слушате музиката имитирајте и објаснувајте кое животно се прикажува. Играта трае додека има интерес за истата. |